заеднички деновиве ја оствари-
ја со **Рада Петрова – Малкиќ**,
во Прилеп во ликовната гале-
рија од Центарот за современа
ликовна уметност.

Бафети и Малкиќ се први-
те, како што велат тие, европ-
ски сликар кои по сто години
заеднички се потпишуваат на
своите слики. Тоа некогаш го

авме во последниве десетина
години, со трагедии и црнила,
посебно по распаѓањето на Ју-
гославија. Не можевме долго
да сфатиме што е тоа што се
случи една среќна и задоволна
земја да влезе во пеколот на
сопствената омраза.

Давид Бафети, додава:

карската колонија.
„заседоа позиција" на преуба-
вите камени предели на Марко-
вите кули. Оттаму, велат При-
леп е како на дланка, најубаво
се гледа.

Рада Петрова – Малкиќ са-
каше прва да го соопшти име-
то, насловот на сликата што ќе

на Прилеп се разбира „видена"
на платното на нашата слика,
со четката, боите и идеите во
нашите глави. Ветувам, ќе би-
де тоа прекрасна иднина, едно
светло видување на Прилеп
што го сакаме јас и мојата Ра-
да.

Т. Локвенец

---

**БАЛЕТ**

# Модерен и експериментален израз

## Кореографи Гордана Деан, Рисима Рисимкин и Искра Шукарова

**● Кон изведбите на „PASSION", „Кармен" и „Пастели" на младите кореографи Гордана Деан, Рисима Рисимкин и Искра Шукарова**

Македонската балетска сцена деновиве беше збогатена со неколку но-
ви корегорафии од областа на модерниот и експериментален балетски из-
раз. Неколкуте млади кореографи – Гордана ДЕАН, Рисима РИСИМ-
КИН и Искра ШУКАРОВА – ги експлицира естетските димензии на
сопствениот израз.

**Кореоесејот** „PASSION" на Гордана Деан – либрето, кореографија и ре-
жија, Тамара АНАСТАСОВА – колибретист и интерпретација Питер ГАБРИ-
ЕЛ КАРМЕЛ – изборот на музиката, Антони МАЗНЕВСКИ – сценографија и
Миле БОШКОВСКИ – мајстор на светло – беше изведен на сцената од театa-
рот „Центар" и постигна убава комуникација со гледачите кои го проследија
со посебно внимание.

Дејствието на овој кореоесеј е ставено во еден реален простор во кој пред-
метите имаат повеќезначајна вредност – сценографија, реквизити, симболи и
метафори со кои пак Гордана Деан гради игра на еден дијалогизиран начин.
Движењата се претворуваат во симболи, симболите во метафори кои водат кон
основното прашање – самоосознавањето и препознавањето на вистинските
вредности со кои и во кои единствено опстојува човекот со сета своја недо-
реченост.

Во корегорафска смисла, Гордана Деан прави истражување во однос на
движењето и пронаоѓа вокабулар со кој импресивно ги визуелизира емотивните
состојби на свесното во ликот на жената и Битието – несвесното, преку извон-
редната и експресивна интерпретација на Тамара Анастасова.

На големата сцена пак на Македонскиот народен театар, ден потоа, беа
изведени уште две кореографии „Вител" или – како смртта ја победи Кармен –
реализирана врз музиката на Родин Шчедрин, во кореографија на Рисима Ри-
симкин, сценографија Кирил Јовановски и костими Елена Дончева.

Родин Шчедрин, руски композитор, ја пишува суитата „Кармен" според мо-
тивите на истоимената опера на Жорж Бизе чие либрето се базира врз силната
љубовна драма од делото на П. Мериме во која судбинска неизбежност е
смртта.

Смртта е основната поента на филозофско – психолошката и корегорафска
мисла на Рисима Рисимкин.

Инвентивно осветлениот сценски простор, стилизираниот декор и костими
со топла палета на локална обоеност ѝ даваат на претставата убав визуелен
ефект, но и амбиент и атмосфера каде што требаше да се гради драматуршка-
та парабола преку меѓусебната жива и емотивна енергија на ликовите. Меѓу-
тоа, недоволно јасно драматуршки вообличените личности ѝ даваа на претста-
вата форма на сценска скица на која ѝ претстои театарско оживување.

Во кореографска смисла, иако на моменти излегуваше од стилската опре-
делба и музичка компатибилност, имаше мошне интересни кореографски ре-
шенија и танцови пасажи.

Преку извонредно осмислената корегорафска целина во стилот на модерни-
от и пластичен балетски израз, Искра Шукарова ни се претстави со своите
„Пастели" – балетска целина составена од неколку слики и расположенија, ра-
ботена врз прекрасната музика на Мајкл Олдфилд.

Со хармонични движења, пластичност, елеганција и со широк спектар на
изразни можности, таа и дванаесетте танчерки студиозно и мошне креативно
ни ја пренесоа својата расположба и радост.

**Емилија Ципунова**

„Нова Македонија"
Вторник 12 јули 1994
Год L – БРОЈ 17051
СТРАНИЦА 9